# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**12.12.2007**<br>**БРОЈ 14 ГОДИНА 42** | |


## С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Етичкиот кодекс на локалните функционери | 2 |
| 2. | Одлука за пренесување на правото на сопственост на движни ствари – моторни возила | 3 |
| 3. | Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на надоместокот за користење на простор во новите градски гробишта за практична обука на кандидати за возачи | 3 |
| 4. | Одлука за основање на центар за развој на Југозападниот плански регион | 5 |
| 5. | Одлука за усвојување на Извештајот за туристичкиот промет на подрачјето на општината во периодот од 01.01.2007 година до 31.12.2007 година | 8 |
| 6. | Заклучоци за спроведување мерки во областа на туризмот и наплата на туристичка такса | 9 |
| 7. | Одлука за урврдување финансиска стратегија и развојни документи | 10 |
| 8. | Одлука за определување граници на урбани заедници на територија на општина Охрид | 14 |
| 9. | Одлука за утврдување на висината на месечниот надоместок на членовите на Советот на општината | 16 |
| 10. | Одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2007 година | 17 |
| 11. | Одлука за набавка на преносни компјутери | 18 |
| 12. | Заклучок за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на цени за вонредно чистење на улиците бр. 07-994/10 од 14.09.2004 год. | 19 |
| 13. | Одлука за прогласување на Одлуката за избор на Командир на полициска станица од општа надлежност Охрид | 19 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Етичкиот кодекс на локалните функционери**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Етичкиот кодекс на локалните функционери, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година.

**Број 08-2576/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Етичкиот кодекс на локалните функционери**

**Член 1**
Се усвојува Етичкиот кодекс на локалните функционери.

**Член 2**
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2576/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за пренесување на правото на сопственост на движни ствари – моторни возила**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за пренесување правото на сопственост на моторни возила, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година.

**Број 08-2576/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62,64 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општината на единицата одржана на ден 6.12.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За пренесување на правото на сопственост на движни ствари -моторни возила**

**Член 1**

Општината Охрид го пренесува правото на сопственост на движни ствари – моторни возила за посебна намена и тоа:

1. Дамјлер Бенз тип 2222 со број на мотор 42110510480693, број на шасија WDB 61903715402384 со регистарски број SK- 411-Л, на ЈП„Охриски Комуналец“-Охрид, без надоместок.

2.MAN тип M44 со број на мотор 8887715157221, број на шасија WMAM440090Y037377, со регистарски број SK -752-JD, без надоместок.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општината Охрид“.

**Број 07-2576/4**
**06.12.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на надоместокот за користење на простор во новите градски гробишта за практична обука на кандидати за возачи**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на надоместокот за користење на простор во новите градски гробишта за практична обука на кандидати за возачи, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година.

**Број 08-2576/5**
**06.12.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на надоместокот за користење на простор во новите градски гробишта за практична обука на кандидати за возачи**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на простор во новите градски гробишта за практична обука на кандидати за возачи.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за утврдување на висина на надоместокот за користење на простор во новите градски гробишта за практична обука на кандидати за возачи бр.02-684/6 од 12.06.2007 год. донесена од Управниот Одбор на ЈП „Охридски Комуналец“-Охрид.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2576/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 17 од Статутот на ЈП „Охридски Комуналец“-Охрид, а во согласност со Управниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец“-Охрид на својата седница одржана на ден 12.06. 2007 год., ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на висина на надоместокот за користење на простор во новите Градски гробишта за практична обука на кандидати за возачи**

**Член 1**

Просторот во новите Градски гробишта во Охрид со кој стопанисува ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид, јавното претпријатие може да го издава на користење на авто школите, со намена практична обука на кандидатите за возачи.

**Член 2**

Надоместокот за користење на просторот во новите Градски гробишта во Охрид за практична обука на кандидатите за возачи изнесува 6000,оо денари (шест илјади денари) месечно.

Данокот на додадена вредност не е пресметан во надоместокот утврден во став 1 од овој член и истиот е на товар на корисникот на услугата.

**Член 3**

Јавното претпријатие „Охридски Комуналец“-Охрид просторот во новите Градски гробишта во Охрид може да го дава на користење за период не подолг од една година со можност за продолжување во наредните години доколку се постигне согласност на волјите на договорните страни за суштествените состојки на договорот.

**Член 4**

Договорите за наредната година се обновуваат секоја година и тоа на крајот на годината.

Договор за давање на користење на простор во новите Градски гробишта кза користење со намена практична обука на кандидати за возачи со заинтересираната страна склучува директорот на јавното претпријатие.

При склучување на договорот директорот на јавното претпријатие е должен да ги почитува одредбите од оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од Советот на општина Охрид.

**УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**
**Претседател,**
**Дипл.правник Зоран Велјаноски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за основање на Центар за развој на југозападниот плански регион**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за основање на Центар за развој на југозападниот плански регион, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година.

**Број 08-2576/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 24, 25 и 26 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл.весник на РМ“ бр.63/07), а во согласност со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 г.), Советот на општина Охрид, на ден 06.12. 2007 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За основање на Центар за развој на Југозападниот плански регион**

**Член 1**

Заради вршење на стручни работи од значење на Југозападниот плански регион, се основа Центар за развој на Југозападниот плански регион.

**Член 2**

Центарот за развој на Југозападниот плански регион има својство на правно лице и се регистрира пред надлежните државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.

**Член 3**

Седиште на Центарот за развој на Југозападниот плански регион е во Охрид на ул.„Кеј.Маршал.Тито“бб.

**Делокруг на работа на Центарот**

**Член 4**

Центарот за развој на Југозападниот плански регион, ги врши следниве работи:

- Ја изготвува Предлог-програмата за развој на планскиот регион;

. Изготвува Предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;

. Подготвува Предлог-проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби;

. Ги доставува Предлог-проектите за регионален развој, врз основа на утврдената листа на Предлог-проекти од страна на Советот за развој на југозападниот плански регион, најдоцна до 15 декември во тековната година до Бирото за регионален развој;

. Ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион;

. Склучува Договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;

. Ги реализира проектите за развој на планскиот регион;

. Подготвува Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;

. Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;

. Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните програми за развој;

. Обезбедува стручни услуги за здруженијата на граѓани и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;

. Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;

. Спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;

. Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;

. Подготвува Годишен извештај за своето работење и истиот го доставува до Советот за развој на југозападниот плански регион и Советите на единиците на локалната самоуправа, во состав на планскиот регион;

. Врши стручни и административни работи за потребите на Советот за развој на југозападниот плански регион.

**Организациска поставеност**

**Член 5**

Центарот за развој на југозападниот плански регион (во понатамошниот текст: Центарот) има раководител, кој се избира по пат на јавен конкурс.

Раководителот на Центарот го избира Советот за развој на југозападниот плански регион, со 2/3 мнозинство.

Мандатот на раководителот на Центарот е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

**Член 6**

За раководител на Центарот, може да биде избрано лице, кое ги исполнува следниве услови.

. ги исполнува општите услови за вработување, според Законот за работни односи;

. има минимум 5 (пет) години работно искуство во областа на локалната самоуправа или во државната администрација;

. има завршено 7 степен високо образование, од општествени науки (право, економија, политички систем, регионален развој и слично);

. има познавања за рамномерниот регионален развој и системот на локална самоуправа.

**Член 7**

Раководителот на Центарот ги има следниве надлежности:

. Го претставува и застапува Центарот;

. Го извршува Годишниот буџет на Центарот;

. Го предлага Годишниот буџет и Годишната сметка на Буџетот на Центарот;

. Одлучува за вработувањата, правата, должностите и одговорностите на вработените во администрацијата на Центарот;

. Донесува Правилник за систематизација на работни места во администрацијата на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на југозападниот плански регион;

. Раководи со администрацијата на Центарот;

. Ги предлага на Советот за развој на југозападниот плански регион, програми,проекти, извештаи и останати документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на југозападниот плански регион;

. Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот;

. Врши и други работи утврдени со закон.

**Член 8**

Центарот има администрација, која се организира во сектори или одделенија.

Одлуката за организацијата на администрацијата на Центарот ја донесува Советот за развој на југозападниот плански регион, на предлог на раководителот на Центарот.

Правата и обврските на вработените во администрацијата на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работните односи и тие немаат својство на државни службеници.

**Финансирање на Центарот**

**Член 9**

Центарот има годишен Буџет, кој се предлага од страна на раководителот на Центарот, а се усвојува од страна на Советот за развој на југозападниот плански регион.

Предлог Буџетот на Центарот, мора најдоцна да се достави до Советот за развој на југозападниот планскиот регион, најдоцна до 1 (први) декември, во тековната година, а истиот се усвојува од страна на Советот до крајот на декември во текотвната година.

Во случај на недонесување на Одлука за усвојување на Буџетот на Центарот, се донесува Одлука за времено финансирање на Центарот.

Временото финансирање на Центарот, не може да биде подолго од три месеци.

Во случај да во рок од три месеци не се усвои Буџет за финансирање на Центарот за тековната година, се применува Буџетот од претходната година.

**Член 10**

Единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Југозападниот плански регион, се согласни, да го финансираат тековното работење на Центарот, со што секоја година ќе предвидуваат ставка во своите буџети за финансирање на Центарот.

**Член 11**

Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на Југозападниот плански регион, се определува на 10 денари по глава на жител.

Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на Советите на единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Југозападниот плански регион.

Трансферот на средствата ќе се врши квартално, за секој квартал однапред.

**Член 12**

Раководителот на Центарот доставува Годишен финансиски извештај за работа на Центарот до Советот за развој на југозападниот планскиот регион и до Советите на единиците на локалната самоуправа кои се во состав на планскиот регион.

**Член 13**

На предлог на членовите на Советот или на прдлог на Раководителот на центарот, може да се покрене иницијатива за промена на висината на финансиските средства за тековното работење на Центарот.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 14**

Центарот за развој на југозападниот плански регион, ќе се основа во моментот кога сите совети на единиците на локалната самоуправа од Југозападниот плански регион ќе ја усвојат оваа Одлука за основање на Центарот.

**Член 15**

Најдоцна во рок од три месеци од усвојувањето на оваа Одлука, од страна на сите Совети на единици на локалната самоуправа, треб а да се изврши избор на раководител на Центарот од страна на Советот.

**Член 16**

Заради имплементација на член 62 од Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, Градоначалниците на единиците на локалните самоуправи од Југозападниот плански регион и министерот за локална самоуправа, во најкраток можен рок ќе потпишат Договор за кофинансирасње за тековното работење на Центарот за развој на југозападниот плански регион.

**Член 17**

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2576/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Извештајот за туристичкиот промет на подрачјето на општината во периодот 01.01.2007 год. до 31.08.2007 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за туристичкиот промет на подрачјето на општината во периодот 01.01.2007 год. до 31.08.2007 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година.

**Број 08-2576/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештајот за туристичкиот промет на подрачјето на општината во периодот 01.01.2007 год.до 31.08.2007 год.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за туристичкиот промет на подрачјето на општината во периодот 01.01.2007 год.до 31.08.2007 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2576/7**
**06.12.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**
**За спроведување мерки во областа на туризмот и наплата на туристичка такса**

Се задолжува општинската администрација најкасно до 31.03.2008 год. до Советот да достави извештај од реализацијата на предложениве мерки:

- Одделението и инспекторот за туризам да го продолжат регистрирањето и категоризацијата на објектите за издавање од мал обем и за таа намена неопходно е соодветно зголемување на бројот на извршители и обезбедување прецизно средства заради адекватно вршење на задачата.
- Наплатата на таксата за привремен престој да се зголеми, а за тоа да се формира „туристичка полиција“ што ќе придонесе за поголем ред во понудата и регистрирањето.
- Заради поголем ред во евидентирањето, пријавувањето на гости и ноќевања како и поголема наплата на таксата , да се преземат мерки за измена на законската регулатива во поглед на зголемување ингеренциите на инспекторот за туризам како и за зголемување на казните. Заради воспоставување поголем ред во евидентирањето и пријавувањето на гостите да се изнајде соодветна форма за контрола врз работата на водичите и туристичките агенции.
- Да се стави во функција софтверот за пријавување и евидентирање на гостите секојдневно
- Да се доставуваат квартални извештаи од страна на Секторот за туризам.

Се задолжува општинската администрација до 15.01.2008 година до Советот да достави извештај за целосна евиденција на бројот на легла од правни и физички лица, колку ноќевања се остварени, колку средства се собрани и кој колку должи.

**Број 07-2576/7-1**
**06.12.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување**
**фискална стратегија и развојни документи**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување фискална стратегија и развојни документи, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година.

**Број 08-2576/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За утврдување фискална стратегија и развојни документи**

**Член 1**
Со оваа Одлука се утврдува фискална стратегија со развојните документи.

**Член 2**
Фискалната стратегија со развојните документи ќе биде ставена на јавен увид пред граѓаните.

**Член 3**
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„

**Број 07-2576/ 8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

## *ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА И РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 год.*

### *ВОВЕД*

Фискалната стратегија е основен развоен годишен документ на општината, кој преставува дефинирање на годишната фискална политика, годишното финансиско планирање, управување и контрола, како и распределба на средства за реализација на утврдени програми, капитални вложување и тековно оперативни трошоци.

Поаѓајќи од дефиницијата дека ЕЛС се основани и постојат за да ги задоволуваат потребиете на граѓаните кои живеат на нивната територија, се наметнува потребата од зголемена одговорност и ефикасност на градоначалникот, советот и администрацијата за подобрување на обемот, составот и квалитетот на услугите што ЕЛС им го нуди на граѓаните. За остварување на тие цели ЕЛС користи извори на средства определени со ЗФЕЛС кои во одредени периоди не се доволни за финансирање на потребите на граѓаните. Поради тоа се наметнува потребата сите општински структури активно да се вклучат во целосно и поефикасно собирање на предвидените приходи, со чија помош поквалитетно ќе се решат локалните проблеми.

Фискалната стратегија претставува единствен и значаен развоен документ кој го определува буџетскиот процес, изготвување на буџетот, реализација на буџетот и неговата контрола.

***ЕЛЕМЕНТИ НА ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА***

Поаѓајќи од позитивните законски прописи со кои се дефинира дејствувањето на секоја ЕЛС, фискалната стратегија во себе ги вклучува следните податоци:

а.) Финансиска состојба на општината
б.) Годишни цели на општината
в.) Структура на приходи на општината
г.) Активности за остварување на зацртаните цели

***а.) Финансиска состојба на општината***

Општина Охрид во изминатиот период, поточно од процесот на децентрализација до денес покажува позитивен тренд во однос на висината на прибирање на приходи согласно изворите предвидени со ЗФЕЛС. Според книговодствената евиденција општината во 2005 година оствари вкупен буџет во износ од 149.595.826,00 денари. Во 2006 година општината оствари вкупен буџет во износ од 404.477.660,00 денари, односно 270.38% повеќе во однос на изминатата година. Со оглед дека во моментот на изготвување на овој документ општината нема можност егзатно да го утврди остварувањето на буџетот за 2007 година, како податок го изнесуваме проектираниот износ од 452.300.000,00 денари.

Горенаведените износи покажуваат дека постои значителна линија на зголемување на приходите, што овозможува развојна компонента на општината во решавање на проблемите на граѓаните од аспект на реализација на комуналната инфраструктура, капитални активности и програми.

И покрај релативно високиот степен на решавање на проблемите на граѓаните од една страна и релативно високиот степен на реализација на предвидените буџети, општината се соочува со значајни проблеми кои сериозно влијаат врз работењето на општината. Најзначаен проблем кој влијае врз ефикасноста на општината секако е големата задолженост наследена од претходните години, иако во изминатите две години долгот е безмалку преполовен.

Од наведеното произлегува дека главен акцент во наредниот период треба да се даде на разрешување на финансиските обврски од претходните години. Ваквата активност е невозможна без донесување на акциона програма која би ги содржела висината и структурата на обврските како и мерките, активностите и динамиката на нивното разрешување.

За успешност во надминување на овој проблем, потребно е целосна вклученост на градоначалникот, советот и целокупната администрација.

***б.) Цели на општината***

При формулирање на фискалната стратегија на општината, значајно е да се утврдат целите на општината во рамките на фискалната година. Целите можат да бидат генерални и посебни. Според нас, на генерален план општината треба да обрати внимание кон:

- зголемување на одговорноста и ефикасноста на одделените служби (сектори) во ЕЛС, со цел зголемување на ефикасноста, транспарентноста и квалитетот на услугите кон граѓаните;
- директно насочување на средства во високо приоритетни области за градот, пред се решавање на комунална проблематика и инфраструктура;
- намалување на непродуктивни и тековно оперативни трошоци на оптимално ниво, кое нема да ја попречи работата на општината;
- воспоставување на систем на транспарентност и отчетност на трошење нс буџетските средства кон граѓаните;
- намалување на задолженоста на општината;
- зголемување на приходите со воспоставување на нови системи и ангажираност на вработените;
- помагање на невладини организации и други здруженија на граѓани на принцип конкретен проект;
- помагање и учество во хуманитарни акции и социјални проекти;
- помагање на спортски настани и клубови;
- продолжување на осовременување на образованието и детската заштита во рамките на надлежностите предвидени со законските прописи;
- заштита на природното богатство и природните реткости;

- развој на туризмот како стратешки извор на целокупниот развој на оптшината;
- создавање услови за унапредување на ЛЕР.

На уште пониско, административно ниво, целите на фискалната стратегија треба да бидат насочени кон засилено иавршување на активностите предвидени во соодветните програми за 2008 година (посебни цели), кои ќе бидат усвоени од страна на општинскиот совет.

***в.) Утврдување на приходите на оптшината***

Појдовна рамка за креирање на приходниот дел на општината претставуваат следните елементи:

- изворите на приходи утврдени се ЗФЕЛС;
- насоките за подготовка на буџетот доставени од МФ;
- степенот на остварување на сопствените прихои во претходните години;
- очекуваните дотации од централната власт врз разни основи (дотации, трансфери од фондови, министерства и други дотации);
- очекувани приходи на буџетски корисници (приходи по основ на самофинансирачки активности);
- планирани инвестициони активности по пат на партнерство.

Поаѓајќи од горенаведените елементи, при проектирање на буџетот користени се неколку методи:

- историскиот метод или методот на тренд (анализа на остварување на одредени приходи во изминатите години);
- логичниот метод или методот на реална проценка на приходите и
- метод на детерминирачка оценка (податоци за приходи што се во голема мера прецизно утврдени, како што се наменски дотации, трансфери од фондови на буџет, приход по ДДВ и сл.).

Врз основа на горенаведеното се очекува општината да оствари вкупен износ од 533.780.000,00 денари. Наведениот износ претставува проектиран буџетски приход за 2008 година.

Приходни ставки:

1. Данок од доход од добивка и капитални добивки......................................5.500.000,00 ден.
2. Даноци на имот.............................................................................................98.500.000,00 ден.
3. Данок на специфични услуги...................................................................215.830.301,00 ден.
4. Такси за користење или дозволи за врш.на дејност...................................1.400.000,00 ден.
5. Такси и надоместоци.......................................................................................5.000.000,00 ден.
6. Други владини услуги (урбан.планови-самофинанс.)...............................15.360.000,00 ден.
7. Други неданочни приходи.............................................................................1.100.000,00 ден.
8. Продажба на капитални средства...............................................................10.000.000,00 ден.
9. Продажба на земјиште и нематеријални вложувања.................................6.420.000,00 ден.
10. Трансфери од други нивоа на власт
    а. трансфери од буџетите на фондовите....................................................18.000.000,00 ден.
    б. дотации од приходи од ДДВ..................................................................23.341.427,00 ден.
    в. нам.дотац.за активности од соц.заштита..................................................3.943.800,00 ден.
    г. нам.дотац. за активности од образованието..........................................30.773.800,00 ден.
    д.нам.дотац.за противпожарна заштита.......................................................8.610.500,00 ден.
11. Самофинансирачки активности во образованието..................................20.000.000,00 ден.
12. Донации од странство....................................................................................7.000.000,00 ден.
13. Донации од земјата.........................................................................................3.000.000,00 ден.

***Г. Активности за остварување на зацртаните цели – расходи***

Утврдените приходи претставуваат рамка во која ќе се движат расходните активности за реализирање на целите на општината во тековната година. Притоа треба да се води сметка за:

1. Оптимализирање на трошоци за:
   - функционирање на администрацијата, советот и градоначалникот;
   - исплата на плати и надоместоци на вработените во ЕЛС што се очекува дека ќе

бидат ангажирани во периодот за кои се однесува фискалната стратегија;

- исплата на функционални надоместоци за советници;
- сервисирање на тековно оперативни расходи;
- неопходен инвентар и други материјали и слични режиски трошоци.

2. Очекувана реализација на утужени побарувања на комитенти.
3. Сервисирање на долгови од претходни години.

Остатокот по подмирување на наведените планирани трошоци, во согласност со законските прописи, програмски ќе бидат насочени кон капитални инвестиции, одржување, реконструкција и развој во следните програми:

Ао – Совет на општина
До – Градоначалник
Ео – Администрација
Ф1 – Урбанистичко планирање
ФА – Уредување на градежно земјиште
Г1 – Подршка на локалниот економски развој
Г2 – Поттикнување на развојот на туризмот
Ј3 – Јавно осветлување
Ј4 – Јавна чистота
Ј6 – Одржување и заштита на локални патишта и улици
Ј7 – Одржување и користење на паркови и зеленило
ЈА – Изградба на јавно осветление
ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици
ЈФ – Изградба на сообраќајна сигнализација
ЈГ – Изградба на системи за водоснабдување
ЈИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води
ЈН – Урбана опрема (капитални расходи)
К4 – Културни манифестации и творештво
ЛО – Спорт и рекреација
М1 – Детски градинки
Н1 – Основно образование
Н2 – Средно образование
Р1 – Заштита на животна средина и природа
Т2 – Превенција од болестите на зависност кај младите
Ќо – противпожарна заштита

Износите и посебните активности на наведените програми се утврдени во предлог програмата за работа на општината, кои е составен дел на фискалната стратегија и претставуваат посебни развојни документи и се прилог на фискалната стратегија.

**Број 07-2576/ 8-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување границите на Урбаните заедници**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување границите на урбаните заедници, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година.

**Број 08-2576/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За определување граници на урбани заедници на територија на општина Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат границите на урбаните заедници во општина Охрид и тоа:

**- Урбана заедница 1 - Стар град** го завзема средишниот дел од крајбрежието и се граничи со: од исток со Булевар „Македонски Просветители“, од север со Бул.„Туристичка“, од запад ул.„Пирин Планина“, „Кирил и Методи“, собирната улица С-9 и реката „Грашница“ и од југ Охридското Езеро;

**- Урбана заедница 2 - „Центар“**, го завзема источниот дел од крајбрежието и се граничи со: од исток Булевар „АСНОМ“, од запад Булевар „Македонски Просветители“, од север Булевар „Туристичка“ од југ Охридско Езеро;

**- Урбана заедница 3 - „Кошишта“,** се граничи со: од исток ул.„Пирин Планина“, ул. “Кирил и Методи“, собирната улица С-9, од запад ул.„Бистрица“, од север Бул.„Туристичка“ и од југ ул.„Васил Стефоски“;

**- Урбана заедница 4 - „Воска“**, завзема најголем дел од западното крајбрежје и се граничи со: од исток ул.„Бистрица“, од запад реката „Даљан“, од север Булевар “Туристичка“ - клучка, и од југ Охридско Езеро, реката „Грашница“;

**- Урбана заедница 5 - „Лескајца“,** го завзема западниот дел од градската територија и се граничи со: од исток ул.„Пирин Планина“, од северозапад ул.„Железничка“, клучка и од југ Булевар „Туристичка„;

**- Урбана заедница 6 - „Даме Груев“,** го завзема средишниот дел од градската територија и се граничи со: од исток ул.„Јане Сандански“, од запад ул. „7-ми Ноември“, од север I. Градски Ринг и од југ Булевар Туристичка.

**- Урбана заедница 7 - „7-ми Ноември“,** го завзема средишниот дел од градската територија и се граничи со: од исток ул.„7-ми Ноември“, од запад ул.„Пирин Планина“, од север I. Градски Ринг и од југ Булевар „Туристичка“.

**- Урбана заедница 8 - „Билјанини Извори“**, го завзема источниот дел од градската територија и се граничи со: од исток со ул.„Стрелиште“, од запад ул„Јане Сандански“, од север I. Градски Ринг („Карпош Војвода„) и од југ Булевар „Туристичка“;

**- Урбана заедница 9 - „8-ми Септември“**, го завзема централниот дел од градската територија и се граничи со: од исток ул.„7-ми Ноември“, од запад ул.„Пирин Планина“, од север ул.„Железничка“ и од југ I. Градски Ринг;

**- Урбана заедница 10 - „Горна Влашка Маала“**, го завзема средишниот дел од градската територија и се граничи со: од исток ул.„Марко Цепенко“ и ул.„Јане Сандански“, од запад ул„7-ми Ноември“, од север „Момчило Јорданоски“, „Прва Мак.Ударна бригада“ и границата на оранжериите и од југ I. Градски Ринг;

**- Урбана заедница 11 - „Видобишта“**, го завзема источниот дел од градската територија и се граничи со: од исток „Бејбунар“, дел од границата на опфатот на градот, од запад ул.„7-ми Ноември“, границата со постојните оранжерии, од север реката,

ул.„Македонска“ и ул.„Ирина Мирка Гинова“ и од југ ул.„Момчило Јорданоски„ ул.„Прва Мак.ударна бригада“ и границата на оранжериите;

**- Урбана заедница 12 - „Гоце Делчев“**, го завзема источниот дел од градската територија и се граничи со: од исток ул.„М-3“, Бејбунар и граница на опфатот на градот, од запад ул.„Марко Цепенко“, од север ул.„Марко Јорданоски“ и од југ 1. Градски Ринг („Карпош Војвода“);

**- Урбана заедница 13 - „Железничка“,** го завзема северниот дел од градската територија и се граничи со: од исток ул.„Кленоец“, од запад ул.„Аџи Мустафа“, дел од границата на опфатот на градот, реката „Даљан“, од север ул.„Прилепска“, дел од границата на опфатот на градот и од југ ул.„Железничка“, клучка;

**- Урбана заедница 14 - „Радојца Новичиќ“**, го завзема крајниот северен дел од градската територија и се граничи со: од исток ул.„Петрино“ и границата на опфатот на градот, од запад ул.„СЕ 14.4 - „Радојца Новичиќ“, границата на опфатот на градот, од север границата на опфатот на градот, река и од југ ул.„Прилепска“;

**- Урбана заедница 15 - „15-ти Корпус“,** го завзема крајниот североисточен дел од градската територија и се граничи со: од исток ул.„Ирина Мирка Гинова“, ул.„Живко Чинго“, ул.„Александар Турунџе“, граница на опфатот на градот, пат за Велгошти, пат за Лескоец, од запад ул.„Кленоец“, ул.„Петрино“, од север граница на опфатот на градот, патот М-5 и од југ ул.„Железничка“, ул.„Македонска“, ул.„15-ти Корпус“;

**- Урбана заедница 16 - „Рача“**, го завзема југоисточниот дел од градската територија и се граничи со: од исток собирна улица С-12 - патот за с.Велестово и границата на опфатот на градот, од запад Булевар „Св.Наум Охридски“, од север границата на УБ 17.3 од УЗ 17, и од југ границата на опфатот на градот;

**- Урбана заедница 17 - „Студенчишта**“, го завзема јужниот дел од градската територија и се граничи со: од исток патот за с.Велестово, границата на опфатот на градот, границата со урбана заедница 16, Булевар „Св.Наум Охридски“, од запад Охридското Езеро, од север Булевар „АСНОМ“, Булевар „Туристичка“, патот за с.Велестово и од југ каналот „Рача“, границата на опфатот на градот.

**- Урбана заедница 18 „Чекоштина“,** го зафаќа најсеверниот дел од градската територија и се граничи со: од исток реката „Даљан“, од запад клучката на влезот на градот, од север границата на опфатот на градот и од југ патот М-5;

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-2576/9**
**06.12.2007 г.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на висината на месечниот надоместок на членовите на советот на општината**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување на висината на месечниот надоместок на членовите на советот на општината, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година.

**Број 08-2576/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 1 од Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците на Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката („Сл.весник на РМ“ бр. 121/07) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на месечниот надоместок на членовите на советот на општината**

**Член 1**

На членовите на Советот на општина Охрид им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок на патните и дневните трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овај член ќе се обезбедат од буџетот на општината.

**Член 2**

Месечниот надоместок на членовите на советот за присуство на седници на советот се утврдува на 70% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година .

**Член 3**

На претседателот на Советот му се утврдува надоместок за раководење и организирање на работата на советот во висина од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година .

**Член 4**

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот месечниот надоместок

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 5**

На членовите на советот им се исплатуваат надоместоци за патни, дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

**Член 6**

Месечниот надоместок на членовите на Советот се зголемува за 10% годишно во периодот од 2007 до 2009 година, започнувајќи со исплатата на надоместокот за месец септември 2007 година.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2576/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за измени и дополнувања на одлуката за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2007 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година.

**Број 08-2576/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 29-б од Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците на Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката („Сл.весник на РМ“ бр. 121/07) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2007 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2007 година бр.07-2801/4 од 28.12.2006 година после членот 10 се додава нов член 10-а и гласи:

„На членовите на Советот на општина Охрид им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок на патните и дневните трошоци.“

„Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овај член ќе се обезбедат од буџетот на општината.“

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2576/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за набавка на преносни компјутери**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за набавка на преносни компјутери, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година.

**Број 08-2576/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За набавка на преносни компјутери**

**Член 1**

За потребите на Советот на општина Охрид да се изврши набавка на 25 преносни компјутери.

**Член 2**

Средствата во висина од 1.000.000.оо денари потребни за набавка на преносните компјутери ќе се обезбедат од буџетот на општината , Програма Ао конто 483240.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2576/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на цени за вонредно чистење на улиците бр. 07-994/10 од 14.09.2004 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на цени за вонредно чистење на улиците бр. 07-994/10 од 14.09.2004 год., што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година.

**Број 08-2576/13** **ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 06.12.2007 година ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О К**
**За измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на цени за вонредно чистење на улиците бр. 07-994/10 од 14.09.2004 год.**

Се задолжува општинската администрација да изврши анализа на Одлуката за утврдување на цени за вонредно чистење на улиците бр.07-994/10 од 14.09.2004 год.и на првата наредна седница до Советот да достави предлог за измени и дополнувања на истата.

**Број 07-2576/ 13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**06.12.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одл уката за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Охрид**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Охрид, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.12.2007 година.

**Број 08-2606/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.12.2007 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за полиција („Сл. Весник на РМ“ бр. 114/06), член 36 став1 алинеа 12 од Законот за локална самоуправа ( „Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 алинеа 12 („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07) , Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.12.2007 год.ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Охрид.

**Член 2**

За командир на полициската станица се избира **ДОБРЕ ПЕТРЕСКИ** .

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2606/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.12.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**